# Organic Control System doo

**Информации за програмата на контрола и сертификација во органско производство**

## *За нас*

ОЦС има долгогодишно искуство во контрола и сертификација на органско производство, во базата на нашите клиенти постојат: мали, средни и големи стопанства, кои се занимаваат со растително производство или сточарство, со собирање на самоникнати диви видови, шумски плодови, печурки, преработувачи на овошје и зеленчук, преработувачи на ,масла, млекари, кланици, фирми за пакување , трговци, дистрибутери, извозници итн.

ОЦС е акредитиран од страна на Акредитацискот тело на Србија АТС- во согласност со стандардот SRPS EN ISO/ IEC 17065- за вршење дејност во областа на сертификација на производи во органско производство, како и на производи со ознаки за географско потекло.

Овластувањата за контрола и сертификација во органското производтсво за ОЦС – ги опфаќаат:

- ✓ Овластување од надлежното министерство на Република Србија
- ✓ Овластување од надлежното министерство на Република Србија
- ✓ Европска комисија –од 2013 година, систем за контрола и сертификација на оргаснко производство на ОЦС признаен од страна на Европската комисија како еквивалентен систем на контрола и сертификација , како што е пропишано со Одредбата на Советот (EZ) бр. 834/2007. ОЦС е одобрен од страна на Европската комисија за сертификација на органски производи во Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и РС Македонија.
- ✓ Сојузната канцеларија за земјоделие на Швајцарија .

Исто така ОЦС е признаено контролно тело за контрола усогласено со стандардите Bio Suisse standardom и KRAV .

Освен сертификација на органско производство, ОЦС дава услуги за сертификација на производи со ознаки за географско потекло и српски квалитет во Србија, како и услуги за сертификација на ознаки за потекло, географско потекло и традицинален квалитет во Босна и Херцеговина .

Персоналот на ОЦС е многу посветен, високо квалификуван, со долгогодишно искуство во земјоделието, прехрамбениот сектор и органската сертификација .Персоналот на ОЦС е со квалификации од разни области на земјоделието, вклучувајќи поледелство, градинарство, овоштарство, заштита на растенија, животна средина, сточарство, ветерина, технологија и преработка на земјоделски производи. Наша цел е да даваме одлична услуга на клиентите и секогаш да обезбедиме целосен интегритет на органските производи.

## *ЗАКОНСКИ ОДРЕДБИ-ПРОПИСИ ЗА ОРГАНСКО ПРОИЗВОДСТВО*

| | |
|---|---|
| *Одредби во Република Србија* | Секој прехрамбен производ кој се продава како „органски “ во Србија, мора да биде во согласност со Законот за органско производство на Република Србија .<br>За пласирање органски производи на домашниот пазар и добивање право на користење на националната ознака за органски производи, ОЦС обезбедува услуги за контрола и сертификација во согласност со Законот за органско производство на Република Србија ("Sl. glasnik RS", br. 30/10 i 17/2019 - dr. zakon) и придружните Правилници: Pravilnik o kontroli i sertifikaciji u organskoj proizvodnji i metodama organske proizvodnje ("Sl. glasnik RS", br. 95/20 i 24/21) и Pravilnik o dokumentaciji koja se dostavlja ovlašćenoj kontrolnoj organizaciji radi izdavanja potvrde kao i o uslovima i načinima prodaje organskih proizvoda ("Sl. glasnik RS" br. 88/16).<br>Наведените одредби –прописи- како и сите битни докуементи врзани за органското производство се наоѓаат на официјалната веб страница на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство : http://www.minpolj.gov.rs/organska/ |
| *Одредби во ЕУ* | Доколку планирате да ги извезувате вашите органски производи на пазарот на Европската унија или Швајцарија, OCS обезбедува услуги за контрола и сертификација во согласност со стандардот на OCS (еквивалентен со Одредбата на Советот) 834/2007 и Одредбата на комисијата (EZ) 889/2007) и со Упатството со кое се потврдуваta условите за производство, контрола и сертификација на органски производи кои се извезуваат на пазарот на Европска Унија .<br>ОЦС стандардот можете да го најдете на OCS standard.<br>Упатството за утврдување на условите за производство, контрола и сертификација на органски производи кои се извезуваат на пазарот на Европската Унија може да се најде на : http://www.minpolj.gov.rs/organska/<br>Proizvodi koje OCS sertifikuje u cilju izvoza na tržište EU pripadaju sledećim kategorijama: |

| | |
|---|---|
| | A: Непреработени растителни производи<br>B: Живи животни и непреработени производи од животинско потекло<br>D: Преработени растителни производи кои се користат за исхрана<br>E: Преработени шроизводи кои се користат како сточна храна |
| *Дополнителни одредби за Швајцарскиот пазар* | Bio Suisse е приватена ознака за органските производи наменети за Швајцарскиот пазар , а кои се сертифицирани во соодветност со прописите-одредбите-на ЕУ и Bio Suisse стандардот.<br>ОЦС може да ви обезбеди контрола во соодветност со дополнителните барања на стандардот Bio Suisse , со цел добивање на Bio Suisse сертификат.<br>Одредбите врзани за Bio Suisse стандардот можете да ги најдете на страниците на Bio Suisse и ICB. |
| *Dodatni zahtevi za tržište Švedske* | KRAV-ознаката е добро позната меѓу потрошувашите од Шведска. Доколку планирате вашите органски производи да ги извезувате на Шведскиот пазар, при што производот би се стекнал со услов да биде означен со KRAV-ознака , ОЦС може да ви даде услуга за проверка на дополнителните барања, кои се во согласност со барањата на KRAV стандардот, а во кои се надминува рамката на органската сертификација на производството. Овие дополнителни барања мора да се верифицираат секоја година.<br>Повеќе информации за барањата на стандардот можете да најдете на веб сајтот :KRAV. |

На барање на Операторите, ОЦС може да ги достави споменатите прописи во електронска верзија, по склучувањето на договорот.
Операторите се должни да ги почитуваат правилата за органско производство во сите фази на производство, подготовка, складирање и промет, како и да ги почитуваат правилата за означување на органските производи во согласност со горенаведените прописи.

## *КОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ СЕРТИФИЦИРАН И КОЈ ИМА ОБВРСКА ДА БИДЕ СЕРТИФИЦИРАН*

Субјект или Оператор во органско производство е земјоделско стопанство, претприемач или правно лице, кое врши една или повеќе дејности со органски производи како што се: производство, увоз, преработка, пакување, означување на органски производи, складирање, продажба.
Со Цел сертификација на финалниот производ наменета за продажба, активностите со органски производи, во која било фаза од неговото производство, складирање, подготовка, преработка, дистрибуција и промет, мора да бидат предмет на контрола и сертификација на органското производство од овластена контролна организација. Активностите при производство на производот може да ги вршат самите Оператори или нивните поддоговорни единици.

| Оператори | Потребно е да бидат сертифицирани |
|---|---|
| **Примарни земјоделски производители** на производи од растително или животинско потекло (вклучително и собирање на диви растителни видови, шумски плодови и печурки) | Да |
| **Преработувачи** на земјоделски производи кои се користат за исхрана | ДА |
| **Производители на храна за животни** | ДА |
| **Производители на органски растителен репродуктивен материја –** семе, садници, расад | ДА |
| **Производители на квасци** кои се користат како храна или храна за животни | ДА |
| **Трговци** кои ракуваат спакувани производи-купуваат и продаваат производи без изведување на активности на пакување и/или дополнително етиктирање | ДА |
| **Трговци** кои ракуваат со неспакувани производи (производи во рефуз) –купуваат и продаваат производи без финални пакувања и/или дополнително етикетирање | ДА |
| **Трговци** кои купуваат и потпоа пакуваат и етикетираат производи пред понатамошна продажба | ДА |

| | |
|---|---|
| **Трговци** koјi кои продаваат органски производи директно на крајните потрошувачи, а не пакуваат, етикетираат и складираат, освен на самото место на продажбата | НЕ |

## *ЧЕКОРИ ОД АПЛИКАЦИЈА ДО СЕРТИФИКАЦИЈА*

Во продолжение се опишани чекорите кои важат за сите програми на сертификација во органско производство кои се применувата од страна на ОЦС, како би Ви ги појасниле предстојните чекори и активности:

| | Чекор | Оператор | ОЦС |
|---|---|---|---|
| 1 | *Намера* | *Операторот (земјоделско стопанство, претпријатие, компанија, здружение, задруга, трговец, увозник, извозник) при прво контакт - писмено или усно го известува ОКС за намерите поврзани со регистрацијата на органското производство, односно увозот на органски производи.* | ОЦС го испраќа Информативниот пакет до операторот<br>• **Информации за програмата за контрола и сертификација во органското производство**<br>• **Апликација за контрола и сертификација**<br>со цел операторот да се запознае со процесот на вклучување во процесот на контрола и сертификација |
| 2 | *Официјална апликација* | <u>Операторот</u> пополнува Апликација за конторла и сертификација за органско производство и ја доставува до ОЦС.<br>Препорачлив рок за Апликација на Операторите кои се занимаваа со растително производство а кои се веќе во системот за контрола и сертификација на ОЦС- од предходните години , е до 30.04. (30.април) во тековната година.<br>*<u>Увозникот</u>* поплнува о доставува Апликација за контрола на увоз заради издавање на Потврда за секоја увезена пратка и доставува потребна документација за секој увоз. | Податоците од Апликацијата се анализираат:<br>1) Апликацијата е правилно пополнета и ги содржи потребните информации; ОЦС има можност да ја обезбеди бараната услуга;<br>⇨Апликацијата е прифатена и проверена.<br><br>2) Апликацијата не е правилно пополнета или ОЦС не е во можност да ја обезбеди бараната услуга (на пр., потребна е проверка и сертификација на храна за домашни миленици);<br>⇨Апликацијата не може да се прифати и за тоа е информиран Операторот (на пр. се бараат дополнителни информации). |
| 3 | *Понуда* | | Врз основа на податоците од Апликацијата се подготвува Понуда за контрола и сертификација за тековната година.<br>ОЦС му испраќа на операторот понуда за цена за услуги за контрола и сертификација во писмена форма |
| 4 | *Прифаќање на понудата* | Одлуката за прифаќање на Понудата операторот ја доставува со давање согласност преку е-пошта, односно со потпишување на понудата | ОЦС му испраќа на операторот Договор за контрола и сертификација на потпис |
| 5 | *Склучување Договор* | Со потпишување на Договорот, Операторот се вклучува во органско производство и му се доделува единствен регистарски број.<br>Со потпишување на Договорот, Операторот се обврзува да ги примени сите барања од одредените прописи за органско производство.<br>*Периодот на конверзија започнува со датумот на потпишување на Договорот.*<br>Операторот потпишува копии од Договорот и ги враќа на ОЦС. | OCS šalje Operatoru primerak overenog Ugovora i obaveštava nadležno Ministarstvo o novom Ugovoru<br><br>Operatoru se dostavlja paket dokumentacije u skladu sa prijavljenim aktivnostima:<br>• Uputstva<br>• Zapise – evidencije<br>• Plan upravljanja organskom proizvodnjom |

| | Чекор | Оператор | ОЦС |
|---|---|---|---|
| | | Во согласност со склучениот Договор, наведените правила и услови за производство не се менуваат и се обврзувачки, освен во случај на измена и дополнување на регулаторниот акт, односно одредбите од областа на органското производство. | |
| 6 | *Авансно плаќање* | Операторот врши дел од плаќањето според понудата и Договорот | |
| 7 | *Потребна документација за контрола* | Операторот е должен детално да го пополни Планот за управување со органско производство PUOP и прилози - соодветната придружна документација која е наведена во PUOP мора да се достави до ОЦС во електронска форма, на емаил адреса kontrola@organica.rs. | ОЦС ја прегледува поднесената документација (ПУОП со прилози) и го информира Операторот дали е неопходно да се дополни документацијата или да се спроведат дополнителни активности (на пр. отстранување на претходни несообразности), неопходни за контрола |
| 8 | *Закажување контрола* | По комплетирање на документацијата и/или извршување на дополнителни активности пред контролата, контролорот на ОЦС и Операторот се договараат за датумот на контролата. Контролорот го доставува Планот за контрола (временски лист) до Операторот за договорениот рок.<br>Контролата ќе се закаже во најкус можен рок, имајќи го предвид годишниот план за контрола на ОКС и времето на поднесување на Апликацијата од страна на Операторот. Контролата ќе се врши во моментот кога ќе може да се овозможи увид во Планот за управување со органско производство, односно активностите што Операторот ги врши во органското производство.<br>Контролата може да се одложи доколку активностите кои се предмет на контрола се уште не се одвиваат на производните локации, поради одредени причини (на пр. органски суровини не се набавени). | |
| 9 | *Контрола* | За време на контролата мора да присуствува одговорното лице за органско производство, а на располагање мора да бидат и други битни вработени или ангажирани лица за спроведување на контролата. За да се потврди усогласеноста со барањата на прописите за органско производство, евиденцијата за производство и финансиската документација мора да бидат достапни на местото и за време на контролата.<br>Во случај да се утврдат несообразности, производителот предлага активности/мерки што треба да се преземат за да се отстранат несообразностите.<br>На крајот од контролата, Операторот и контролорот го потпишуваат извештајот и наодите од контролата | При увидот, контролорот утврдува дали доставениот План за управување со органско производство е во согласност со фактичката состојба на производството, т.е. на локациите, за тоа составува извештај и евидентира неусогласеност доколку се открие. Техниките што се користат во контролата се физичка проверка и/или проверка на документација. Се контролираат сите локации на кои се вршат активности со органски производи. Физичка контрола кај операторот се врши најмалку еднаш годишно, а во зависност од пријавените активности, сложеноста, проценката на ризикот, можно е да се вршат повеќе контроли во текот на годината. Исто така, за време на контролата може да се изврши земање мостри. |
| 10 | *Извештај од контрола* | | Контролорот го доставува извештајот со прилози и наоди од контролата до сертификаторот на ОЦС за разгледување и донесување одлука за сертификација. |
| 11 | *Преиспитување-Преглед* | Операторот ја/ги доставува, документацијата/доказите што недостасувале за време на контролата, а согласно рокот утврден во контролата. | За време на прегледот, одговорниот персонал го испитува извештајот од контролата и прилозите/документацијата со извештајот, како и документацијата што операторот последователно ја доставува (по извршената контрола). |

| | Чекор | Оператор | ОЦС |
|---|---|---|---|
| | | Операторот пристапува кон елиминирање на можните несообразности утврдени во контролата или при прегледот | За време на прегледот, ОЦС може да побара дополнителни објаснувања, документација или докази од Операторот, како и преземање дополнителни активности со цел да се усогласи производството со барањата на прописите/стандардите. |
| 12 | *Финална фактура* | Плаќање на преостанатите трошоци утврдени во понудата.<br>Во овој чекор, на операторот ќе му бидат фактурирани сите дополнителни трошоци кои не се вклучени во понудата (доколку ги има):<br>- земање мостри, испраќање мостри и лабораториски анализи,<br>- контрола на локации кои не биле вклучени во првичната апликација, а со тоа и во понудата;<br>- барање од Операторот за скратување на периодот на преодот по извршената редовната контрола во која дадената парцела не била предмет на контрола;<br>- трошоци за истрага во случај на последователно утврдување на несообразност на производот | ОЦС издава фактура |
| 13 | *Сертификацијска одлука* | Операторот ги доставува до ОЦС доказите за отстранување на несообразностите, како и дополнителни информации или документи што ги бара ОЦС.<br>Сертификациската одлука може да биде одложена или негативна во случај на несоодветно и ненавремено доставување на документација и докази. | ОЦС донесува сертификацијска одлука по контролата, а следните одлуки може да бидат донесени за целото производство или за дел од производството:<br>- Доколку е утврдена усогласеноста на производството со пријавените прописи/стандарди (без несообразности или се отстранети) - се издава сертификат.<br>- Утврдени се несообразности кои не влијаат на статусот на органското производство, но кои мора да се отстранат или дополнително да се следат - Се издава сертификат и известување за неусогласеност со јасно дефинирани рокови за спроведување на корективни мерки.<br>- Утврдените неусогласености кои не можат да се поправат за кратко време или претставуваат суштинско прекршување на правилата и влијаат на статусот на органското производство (на пр. употреба на пестициди) - се одбива сертификација |
| 14 | *Дополнителна контрола* | Операторот е должен да го информира ОЦС за било какви промени што има намера да ги направи во производствениот процес, на производот или во системот за квалитет, што може да влијае на усогласеноста на производството со прописите/стандардите.<br>За секоја промена потребно е да се достави дополнет План за управување со органско производство, ОЦС ќе донесе одлука за потребата од дополнителна контрола во зависност од промените што ќе настанат.<br>Во случај на поплаки/приговори од клиенти или други заинтересирани страни (на пр. | ОЦС може да врши дополнителна контрола со цел да го следи исполнувањето на корективните мерки за издадените несообразности.<br>Може да се изврши дополнителна контрола врз основа на проценка на ризикот.<br>Во случај на поплаки/приговори од клиенти и други заинтересирани страни за сертифициран органски производ, ОЦС ќе спроведе истрага за пријавената неусогласеност (на пр. пестициди пронајдени во производот со анализа). Целосните трошоци во овој случај се на товар на Операторот. |

| | Чекор | Оператор | ОЦС |
|---|---|---|---|
| | | царина, инспекциски органи итн.) до органскиот производ, Операторот е должен да ја извести ОЦС за тоа што е можно поскоро. Приговорите мора да бидат евидентирани кај Операторот. | |

Годишен циклус на сертификација на органско производтсво




## *ДОВЕРЛИВОСТ*

Сите информации кои персоналот на ОЦС ги добива од операторот при контролата и воопшто работа на предметот кој се сертифицира ,се третираат како доверливи и во оваа смисла ОЦС ги обврзува сите свои вработени. ОЦС нема да пренесува информации за предметот на сертификација на трети лица без согласност на Операторот, освен кога информацијата е побарана од надлежни државни органи или сопственици на стандардите во согласност со кои е аплицирано за сертификацијата

## *НАМАЛУВАЊЕ НА ПЕРИОДОТ НА ПРЕОД*

Намалување на периодот на преод го одобрува надлежното Министерство за земјоделие, додека во случај на контрола и сертификација според ЕУ одредбите, намалувањето на периодот на преод го одобрува ОЦС.

Барањето за скратување на периодот на преодот Операторот го доставува до надлежното Министерство за земјоделие заедно со соодветна документација и мислење од ОЦС согласно упатството на надлежното министерство. Барањето можете да го најдете на веб-страницата

http://www.minpolj.gov.rs/organska/

Во рамките на Апликацијата за контрола и сертификација, Операторот има можност да посочи дека планира да поднесе барање за скратување на периодот на продот.

## *ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ*

ОЦС, во согласност со проценката на ризикот и дополнителните контроли кои можат да бидат резултат на поплаки од страна на клиенти или други заинтересирани страни, има право да врши земање мостри од производи/растително или животинско потекло, почва, вода за наводнување, исхрана и производи за заштита на растенијата, како и предмети за општа употреба кои можат да бидат во контакт со органски производ. Трошоците за земање мостри и лабораториски анализи се на товар на Операторот.

Операторот е информиран за можностите за земање мостри пред контролата. Исто така, доколку контролорот процени на терен дека е потребно, горенаведените мостри може да се земаат под исти услови.

OCS може, врз основа на следење и проценка на оптекот на количините органски производи на пазарот, информации од различни учесници на пазарот, проценка на ризик од контролори или сертификатори, да купи органски производ на пазарот кој е сертифициран од ОЦС и да го испрати во акредитирана лабораторија да се направи хемиска анализа, со цел следење на органските производи кои се во оптек на српскиот пазар. Резултатот од анализата ќе биде индикација за понатамошни постапки при спроведување на контрола кај Операторот. ОЦС ги сноси трошоците за купување и анализа на купените производи од пазарот.

ОЦС има договор со акредитирани лаборатории во земјата и странство

## *УСЛОВИ И ПОСТАПКИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ, ПРОШИРУВАЊЕ, СУСПЕНДИРАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА СЕРТИФИКАЦИЈА*

### *Издавање на сертификат/ потврда*

На операторот ќе му се издаде сертификат под следните услови, при што мора да биде исполнет секој од наведените услови кои се применуваат за пријавениот вид на активност:
1. Органското производство или собирање на диви растителни видови, шумски плодови и печурки, односно одгледување животни, се врши во согласност со Законот за органско производство и придружните прописи и/или ОЦС стандардот;
2. Преработката на органски производи е во согласност со Законот за органско производство и придружните прописи и/или ОЦС стандардот;
3. Транспортот на органски производи е во согласност со Законот за органско производство и придружните прописи и/или ОЦС стандардот;
4. Складирањето на органски производи е во согласност со Законот за органско производство и придружните Регулативи/ОЦС стандард;
5. Процесот на пакување е во согласност со Законот за органско производство и придружните прописи и/или ОЦС стандардот;
6. Означувањето-етикетирањето на органските производи, вклучувајќи упатување кон органскиот статус во придружната документација, е во согласност со Законот за органско производство и придружните прописи и/или ОЦС стандардот;
7. Доколку Операторот извршил корективни мерки во предвидениот рок кои можеле да се превземат и кои го спречиле издавањето на сертификатот, а биле утврдени од страна на сертификаторот;
8. Сите активности кои се предмет на контрола биле навремено пријавени и биле предмет на контрола.

На увозникот ќе му се издаде Потврда под следните услови, при што секој од наведените услови мора да биде исполнет:
1. Увезените производи се во оригинално пакување и нема да се препакуваат.
2. Увезените органски производи имаат соодветна увозна документација
3. Увезените органски производи имаат потврда од овластена организација за сертификација на органски производи од земјата на потекло на производот и/или земјата извозник во согласност со Законот за органско производство и придружниот Правилник;
4. Увезените органски производи имаат сертификат, уверение за проверка или друг документ во кој се наведени производите кои се предмет на сертификација согласно Законот за органско производство и придружниот Правилник;
5. Транспортот и складирањето на увезените органски производи се во согласност со Законот за органско производство и прописите;

6. Означувањето-етикетирањето на органските производи е во согласност со Законот за органско производство и придружниот Правилник;
7. Доколку увозникот има спроведено корективни мерки во предвидениот рок кои го спречуваат издавањето на Потврдата и се утврдени од страна на сертифицикаторот.
Во случај на сертификација според стандардот Bio Suisse, NOP или JAS, ОЦС ја врши контролата додека сертификацијата ја врши ICB AG (International Certification Bio Suisse AG) или CERES.

## *Одбивање на сертификација/ валидација-потврдување*

**Одбивањето на сертификација/валидација може да резултира од неисполнување на некој од горенаведените услови од претходните поднаслови**

## *Одржување на сертификат*

Постапката за одржување, односно продолжување на валидноста на сертификатот се спроведува кај Операторите на кои им е истечен сертификатот, а на залиха имаат сертифицирани органски производи или во дополнителна постапка после суспензијата на сертификатот.

## *Проширување или намалување на бројт на сертифицираните спроизводи*

Постапката за проширување или намалување на опфатот/бројот на сертифицирани производи ќе се спроведе доколку Операторот по добивањето на сертификатот поднесе барање за проширување или намалување на опфатот на сертификација, во однос на количини и видови на органски производи. Во тој случај ќе се изврши дополнителна контрола согласно проценката на ОЦС.

Намалувањето на обемот на сертифицирани производи може да биде резултат на губење на органскиот статус на одредени производи на сертификатот како мерка по извршени дополнителни контроли

## *Суспендирање на сертификатот/потврдата*

Сертификатот на операторот ќе биде суспендиран како мерка на санкција доколку во текот на производството и последователните постапки, се наруши органскиот интегритет на производот .

Поништување на одлуката за суспендирање на сертификатот е можно доколку се утврди дека не е нарушен интегритетот на сертифицираните производи

## *Повлекување на сертификатот / потврдата*

Сертификатот/потврдата на операторот ќе биде одземен (повлечен) како дополнителна мерка по суспензијата, доколку во тој период контролираниот Оператор не овозможил дополнителна контрола на производниот процес, документацијата, просториите за складирање, земање мостри за анализа или за време на дополнителна контрола е потврдено нарушување на интегритетот на органскиот производ. Сертификатот/потврдата на операторот ќе биде одземен без примена на мерка за суспензија доколку тој одбие да соработува со ОЦС, прикрие податоци важни за сертификација, фалсификува податоци или документи важни за сертификација, фалсификува сертификат или злоупотреби сертификат за OCS.

Операторот е должен да ги информира своите клиенти за повлекувањето на сертификатот и да обезбеди брзо и ефикасно повлекување на производите од пазарот со цел да се отстранат ознаките на органското производство, како и за ова да го извести ОЦС и надлежниот државен орган.

Валиден сертификат може да се повлече и во случај кога Операторот навремено не ја доставил Апликацијата за контрола и сертификација. Во случај Операторот да не ги почитува одредбите од Договорот за контрола и сертификација, сертификатот/потврдата исто така може да бидат повлечени.

## *ПРАВО НА ЖАЛБА И ПОПЛАКА КОН ОЦС*

Доколку се одбие сертификацијата/издавањето на потврдата, како и во случај на суспензија или повлекување на сертификатот/потврдата, Операторот има право на жалба, која процедурално се решава во согласност со постапката за жалби и поплки на ОЦС.

Операторот има право да приговори на работата на персоналот на ОЦС или да поднесе жалба против секоја одлука на сертифицирачот, доколку смета дека е донесена на негова штета. Операторот може да се обрати до ОЦС, кој ќе го упати на процедурите за поднесување приговор/приговор

## КОРИСТЕЊЕ НА СЕРТИФИКАТОТ/ПОТВРДАТА, КОДОТ И ЗНАКОТ ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА

По склучувањето на договорот, OCS им става на располагање на операторите детални упатства за обележување.

Елементи на означување на органските производи кои се пласираат на српскиот пазар се: шифра RS-ORG-001 и националната ознака

*Ознаката на ЕУ за органски производи и кодот на ОЦС* -може да се користи на производи чија технологија на производство, методи на одгледување и начин на собирање на диви растителни видови, шумски плодови и печурки или увоз на органски производи ги исполнуваат условите пропишани со стандардот OCS.

За извоз на пазарот на ЕУ, покрај шифрите OCS XX-BIO-162 наведени подолу, ознаката на ЕУ за органски производи може да се испечати на етикетата:
Код за сертифицирани оператори од Србија кои извезуваат на пазарот на ЕУ: RS-BIO-162
Код за сертифицирани оператори од Црна Гора кои извезуваат на пазарот на ЕУ: ME-BIO-162
Код за сертифицирани оператори од Босна и Херцеговина кои извезуваат на пазарот на ЕУ: BA-BIO-162
Код за сертифицирани оператори од Македонија кои извезуваат на пазарот на ЕУ: MK-BIO-162

Ознаката за сертификација ОЦС не еобврзувачка на етикетите/производите сертифицирани од ОЦС

Сите сертифицирани оператори имаат право да ја користат ознаката за сертификација ОЦС на сертифицираните производи

Пред да го пушти производот во промет, Операторот е должен да го достави изгледот на етикетата на одобрување, при што Операторот е должен да ја декларира и означи пакуваната храна во согласност со соодветните државни прописи или прописите на извозниот пазар.

## ПОПЛАКИ КОН ОПЕРАТОРИТЕ

ОЦС бара од Операторот да го извести ОЦС веднаш по приемот на поплаката, жалбите и приговорите за органскиот производ и да води евиденција за сите поплаки поднесени во врска со нивните органски производи и да ги даде на увид овие записи достапни за контролорите за време на контролата.

Операторот е должен да го информира ОЦС за преземените мерки во врска со таквите полаки/приговори и сите други недостатоци на производот кои влијаат на усогласеноста со барањата за сертификација.

## ПРАВИЛА ЗА ПРОИЗВОДСТВОТО

Одговорноста за органско производство е на Операторот - Операторот е должен да ги исполни барањата за сертификација, вклучително и барањата за производот.

Операторот е должен детално да ги проучи прописите поврзани со органското производство и да ги почитува од моментот на потпишување на Договорот како и во текот на целиот период на органско производство во кој неговото производство е предмет на контрола и сертификација.

## Битни податоци за време на конторлата

Посебно внимание се посветува на следните податоци при контролата и пишувањето на извештајот, а во зависност од конкретната ситуација, контролорот може да побара документација која не е наведена подолу и за која смета дека е од интерес за постапката за сертификација

*Растително производство:*

1. План и ротација на посевите-културите;
2. Површина на земјиштето-парцелите во хектари, по посев-култура;
3. Паралелно произвводство (ист посев-култура на органски и конвенционални парцели кои ги обработувате во склоп на вашето стопанство или фирма);
4. Мешано или одделно производство кога Операторот има и органско и конвенционално производтсво но на различни посеви-култури.
5. Историјат за секоја парцела во последните 3 години ;
6. Средства за нађубрување на растенијата;
7. Средства за прихрана на растенијата и подобрувачи на почвата;
8. Потекло и статус на семе, растад, садници;

9. Видови и сорти кои ги користите во производството;
10. Потекло на водата за наводнување;
11. Контрола на плевели, болести и штетници во производството;
12. Резултати од хемијски анализи;
13. Прроценка на принос;
14. Услови на складирање;
15. Следливост на производот;
16. Ракување со органските производи;
17. Животни кои се чуваат на фармата или потекло на арското ѓубриво;
18. Книговодство, сметководство, евиденција за производството;
19. Ваги и тегови за мерње (на пр. Потврда за баждарење), мерни инструменти и др.;
20. Јасен приказ-скица на сите производни локации;
21. Евиденција за набавка и продажба;
22. Евиденција за залихи/магацински картици-материјано книговодтсво и др.

*<u>Сточарство (вклучувајќи и пчеларство):</u>*

1. Видови и раса на животни;
2. Начин на одгледување;
3. Објекти за одгледување;
4. Исхрана и лекување на животните;
5. Превоз и колење (каде што е применливо);
6. Однесување со животните за време на одгледување ;
7. Набавување/купување животни;
8. Размножување на животните;
9. Испуст и пасишта;
10. Пчелна испаша (видови билки и локација на пчелна паша
11. Центрифугирање на медот(начин и локација);
12. Локација на пакување на медот;
13. Означување-етикетирање на производот;
14. Складирање на производот;
15. Евиденција на продажба на производот/животните;
16. Евиденција на производство (број на стадо, прибирање на сточарските производи и сл), залихи, магацински картици и др.

*<u>Преработка (вклучително и пакување или други видови на ракувања со органските производи):</u>*

1. Сертификат за органското потекло на суровината;
2. Контрола на прием;
3. Складирање на органските сировини;
4. Адитиви и помошни материјали во преработката;
5. Рецептури;
6. Следливост на производот;
7. Опис на производниот процес и методи;
8. Складови за производот;
9. Материјал за пакување
10. Резултати од хемијски анализи;
11. Потврди за не ГМО потекло;
12. Означување-етикетирање;
13. Хигиена и чистење;
14. Биланс-лагер;
15. Локации и скици на производните единици;
16. Евиденција од продажби;
17. Евиденција на производство/залиха/магацински картици и др.

*<u>Собирање на самоникнати диви видови,шумски плодови и печурки:</u>*

1. Мапа на регионот на собирање;
2. Следливост на производот;
3. Потврда за нетретираност на шумите;
4. Дозволи ;
5. Добра собирачка практика;
6. Список на собирачи;
7. Откупни места;
8. Евиденција на продажба;
9. Евиденција на залиха/ магацински картици и др.

*<u>Увоз на органски производи</u>*

1. Потекло на производот и валиден сертификат;
2. Контрола на прием;
3. Сертификат за контрола;
4. Анализи на производите;
5. Следливост на производите;
6. Складирање на производите;
7. Означување-етикетирање
8. Хигиена и чистота;
9. Билански;
10. Евиденција на продажба ;
11. Евиденција на залихи/магацински картици и др.

*<u>Извоз/Трговија</u>*

1. Потекло на производот (валиден сертификат
2. Складирање;
3. Следливост;
4. Добавувачи;
5. Купувачи;
6. <u>Сертификат за контрола (COI) кој се издава од страна на ОЦС на барање на операторот, а кој е облигаторен во случај на увоз во ЕУ;</u>
7. Биланс;
8. Евиденција на продажба;

9. Евиденција на залиха-лагер/магацински картици и др.

***Групна сертификација:***

Покрај барањата наведени за растително или сточарско производство, податоци кои се битни за контролата се и :

1. Ажуриран Список на членови на групата со детални податоци;
2. Организација на групата(основачки акти, каде е применливо);
3. Податоци за носител на сертификатот;
4. Правила на внатрешна контрола ;
5. Податоци за локациите;
6. Внатрешни обуки;
7. Внатрешни контролори
10. Извештаи за внатрешните контроли;
11. Биланси;
12. Третмани на производите по бербата/жетвата/колењето;
13. Записи за производството;
14. Друга документација која може да е од важност за операторот или членовите на групата

Секоја година, ОЦС контролира одреден број членови на групата во согласност со проценката на ризикот на даден Оператор/организатор на производството.

OCS има креирано инструкции и обрасци за сите видови производство/ дејност со цел да ги разјасни барањата на прописите/стандардите релевантни за дадено производство/ дејност. Овие упатства и формулари се доставуваат на барање до операторите со кои ОЦС има важечки договор и се достапни за клиентите на ОЦС на порталот за клиенти на ОЦС

*ОЦС го задржува правото да бара дополнителни објаснувања/документи за „потенцијални или евидентирани извори на ризик“ за кои смета дека заслужуваат посебно внимание, а кои можеби не се наведени во овој материјал.*

## *ПОСЕБНИ ОБВРСКИ ВО СЛУЧАЈ НА ИЗВОЗ НА ОРГАНСКИ ПРОИЗВОДИ ВО ЕУ*

Операторот треба да се погрижи пред секој извоз во ЕУ да доставува до ОЦС пополнет образец Барање за издавање на сертификат од контролата (Образецот Барање , ОЦС го доставува до извозникот на негово барање).

Целата документација поврзана со трговијата со производи сертифицирани во согласност со стандардот OCS (еквивалент на Регулативата на Советот (ЕС) 834/2007 и Регулативата на Комисијата (ЕС) 889/2008) мора да ја содржи шифрата OCS: RS-BIO-162 (фактури, испорака белешки) итн.).

Производителите од Црна Гора го користат кодот ME-BIO-162 на истите документи, производителите од Босна и Херцеговина BA-BIO-162 и Македонија MK-BIO-162.

## *ДАЛИ ВИ СЕ ПОТРЕБНИ ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ?*

Адреса : Trg cara Jovana Nenada 15, 24000 Subotica
Контакт телефони : 024 521 130, 024 554 446, 060 045 61 30
Email: administracija@organica.rs
Web stranica: www.organica.rs

## *ЛИЦА ЗА КОНТАКТ*

- Mirjana Jovanović Dragojlović
- Bojana Lendvaji Vignjević
- Svetlana Vitomirović
- Mirjana Kocić Stevanović